АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 17.01.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtese | Вредност Vlerë |
| 03 | 257 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 17 јануари 2023 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст бр. 01-3747/1 од 06.10.2022 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на регионално ниво, со исклучок на регионот Д7, треба да биде најмалку 10 (десет), од кои 5 (пет) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“*.

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје <u>не ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   <u>Образложение:</u> На 06.10.2022 година, Агенцијата испрати допис (наш бр. 03-3713/1) до ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со кој побара во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во правилникот, односно дека има ангажирано десет лица, од кои пет имаат високо образование и се ангажирани како новинари. Бидејќи заклучно со 31.10.2022 година радиодифузерот не ги достави потребните документи, Агенцијата повторно писмено се обрати до него (допис бр. 03-3713/2 од 01.11.2022 година) и побара истите да ги достави во рок од седум дена од денот на приемот на овој допис.

   На 21.11.2022 година, ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави до Агенцијата десет авторски договори (наш бр.03-3713/3) склучени помеѓу радиодифузерот и десет физички лица, од кои беше видно дека се склучени на 18.11.2022 година, и тоа за период од еден месец. Освен тоа, од договорите не можеше да се утврди какво образование имаат овие лица. Имајќи го предвид ова, Агенцијата во повеќе наврати телефонски го контактираше радиодифузерот со цел да обезбеди податоци за степенот на образование на лицата кои се ангажирани како новинари во телевизијата. Во периодот од 23 до 29 ноември 2022 година, ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје по електронска пошта достави до Агенцијата копии од дипломи за четири лица, од кои беше констатирано дека тие лица се со завршено високо образование, а за петтото лице на 15 декември 2022 година достави известување (наш бр. 03-3713/4) со кое ја информираше Агенцијата дека *„лицето го има изгубено уверението...“* и дека преписот од истото *„ќе го добиете во текот на идната недела“*. Овој документ не е доставен во Агенцијата до денешен ден.

Со оглед на тоа што важноста на претходно доставените договори истече на 18.12.2022 година, а по телефонски разговор на стручната служба со вработени во телевизијата, на 13.01.2023 година ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави во Агенцијата десет нови авторски договори (наш бр. 03-206/1), но и овој пат не беше доставен доказ за завршено високо образование за петтото лице кое, согласно договорот, е ангажирано како новинар.

До денот на изработка на овој писмен извештај, ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје не достави документи од кои може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови.

7. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој *„за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенијата*" и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст бр. 01-3747/1 од 06.10.2022 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку по издавањето на дозволата ќе настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***